## СКОПЈЕ

КАРПОШ НЕМА ПАРИ ЗА ПРАВОСЛАВЕН ХРАМ КАЈ САЛАТА "ПАРТИЗАН"

# Јакимовски: МПЦ нека гради цркви, а не Општината

Градоначалникот Стевче Јакимовски вели дека не е против овој проект, но Општината не е во состојба да одвои толку пари за нов верски објект поради празната општинска каса и долговите кои ги наследил од неговиот претходник Сашо Димиќ



Општина Карпош нема да ја гради црквата во Реонскиот центар Карпош 3, во близина на салата "Партизан". Поранешниот в.д. градоначалник, откако седна во градоначалничката фотелја, им вети на граѓаните дека Општината на граѓаните од овој дел на градот ќе им изгради верски објект, бидејќи тие немаат во близина црква каде што можат да одат да запалат свеќа и да се помолат. Но новиот градоначалник на Општина Карпош Стевче Јакимовски смета дека цркви треба да гради Македонската православна црква, а тие како Општина би можеле само да го помогнат финансиски овој проект.
"Општината не е во состојба да одвојува толку пари за изградба на верски објект, со оглед на празната општинска каса и долговите кои ги наследив од мојот претходник Сашо Димиќ. Ние не сме против во овој дел да има црква, ама тоа треба да биде проект на Македонската православна црква", вели градоначалникот Јакимовски.
Според проектот, црквата треба да биде копија на "Св. Софија" во Охрид. Ќе биде голема 400 квадрати, а дворното место околу црквата ќе зафаќа површина од 2.000 квадратни метри. **(А.А.)**

Текстот е прочитан 640 пати.

## *Останати наслови од Скопје*

- **Нема награди и признанија за Ѓурѓовден**
- **Нема казнети скарации за 1 Мај**
- **Се ништат глодачите во Аеродром**

### БРЗИ ЛИНКОВИ

Ревија | Гламур | IT | Здравје | Хороскоп | Хумор | Прилог | Секс коше | Книги | Филмоскоп

### НАЈЧИТАНИ НАСЛОВИ

1. Бившиот европски првак ќе бара спонзор преку оглас
2. Стриптизета за Стефан и за Мартин
3. Раскрсница убиец на патот Охрид - Свети Наум
4. Ајде да се гушкаме!
5. Зграпчи го Вест
6. Македонец награден за дизајн во Грција
7. Мик Џегер и Шаде на концерт кај Чолиќ
8. Земјотрес во Берово, Пехчево и во Делчево
9. Сања Ѓошевска во дует со Антонија Шола
10. Дневен хороскоп 05 05 вторник

### ВИДЕО



ФЕРШПЕД

AP HOTEL

### ВИЦ НА ДЕНОТ

Информатичар доживеал бродолом и се нашол на пуст остров.
Шест месеци никој не поминал. И тогаш едно сабајле отвора очи и гледа раскошна плавуша со големи цицки како стои пред него.
- Ајде пакувај се одиме кај мене од другата страна на островот.
Кога таму што да види. Голема куќа, фрижидер, телевизор, базен...
- Ај оди избањај се и дојди.
Се бањал овој цел саат, излегува среќен, а плавушава го пречекува и го откопчува бикините:
- А сега ќе добиеш нешто што не си го правел 6 месеци...
- Ај не зезај, имаш и интернет!

### АВИОНИ